# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.**

**Четврток, 26 јануари 1989**
**Скопје**
**Број 2 Год. XLV**

**Аконтацијата за 1989 година изнесува 40.000 динари. Овој број чини 1.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498**


**6.**

Врз основа на член 34-а, став 2 од Законот за административните такси („Службен весник на СРМ“ бр. 45/72, 30/77, 25/84, 31/84, 44/85 и 7/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА ТАКСИ ЗА ДОЗВОЛИ И ЗА ВИЗИ ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Во Одлуката за висината на таксите за дозволи и за визи што се издаваат на граничните премини („Службен весник на СРМ“ бр. 19/88, 31/88 и 44/88), во точка 1, потточка 2 под а) износот „30 000“ се заменува со износот „60.000“, во потточка 2 под б) износот „15 000“ се заменува со износот „30.000“.

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 23-135/1
20 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**7.**

Врз основа на член 3 од Одлуката за образување и состав на Комисијата на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија за нуклеарна енергија („Службен весник на СРМ“ бр. 23/87), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА НУКЛЕАРНА ЕНЕРГИЈА

1 Од функцијата членови на Комисијата за нуклеарна енергија, поради заминување на други должности од должноста од која се именувани се разрешуваат

— м-р Вангел Арнаутов,
— д-р Томислав Бундалевски,
— Милован Шиковски.

2. За членови на Комисијата за нуклеарна енергија се именуваат:

— Димитар Анчев, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за индустрија и енергетика,

— д-р Тито Беличанец, член на Извршниот совет и претседател на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,

— д-р Срѓан Керим, член на Извршниот совет на Собранието на СРМ.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2770/1
29 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**8.**

Врз основа на член 172 став 2 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЗАМЕНИКОТ НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНО-ТЕХНИЧКА СОРАБОТКА

1 Ристо Шанев се разрешува од должноста заменик на директорот на Републичкиот завод за меѓународна научно-техничка соработка, по негово барање, заклучно со 10. I. 1989 година.

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-2614/2
22 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**9.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80 и 28/88), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

За советник на директорот на Републичкиот завод за општествено планирање, сметано од 15. II. 1989 година се назначува Марјанчо Галевски-Димитровски, дипломиран економист од Скопје.

Ова решение ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 17-140/1
12 јануари 1989 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски,** с. р.

**10.**

Врз основа на член 10 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ“ бр. 36/81, 27/85, 34/86, 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 1 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата за лични доходи и други примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“ бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ДНЕВНИЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И ВО РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, И НА ФУНКЦИОНЕРИТЕ И РАКОВОДНИТЕ РАБОТНИЦИ ШТО ГИ ИМЕНУВА ОДНОСНО НАЗНАЧУВА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Висината на дневниците за службени патувања во земјата на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации, и на функционерите и раководните работници што ги

именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува во износ од 34.000 динари.

2. Ако за време на службеното патување се користи ноќевање, на работниците им се признаваат трошоци за ноќевање во полн износ, врз основа на приложената сметка, со исклучок на хотел „де лукс" категорија.

3. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-2176 од 1. XI. 1988 година.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 17-147/1
16 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

**11.**

Врз основа на член 21 став 1 од Уредбата за највисоките износи на патните, дневните и другите трошоци на работниците во републичките органи на управата („Службен весник на СРМ" бр. 36/81, 27/85, 43/86 и 1/88), а во врска со член 27 став 1 точка 3 од Одлуката за основите и мерилата за стекнување и распределба на средствата на лични доходи и другите примања и надоместоци на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 28/87), Комисијата за кадровски и административни прашања на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО

1. Надоместокот на трошоците за одвоен живот од семејството на работниците во републичките органи на управата и во републичките организации на функционерите и раководните работници што ги именува односно назначува Извршниот совет на Собранието на СР Македонија се утврдува во износ од 200.000 динари месечно.

2. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката број 17-2177 од 1. XI. 1988 година.

3. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 февруари 1989 година.

Бр. 17-148/1
16 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Комисијата за кадровски
и административни прашања
на Извршниот совет,
д-р **Владо Камбовски**, с. р.

**12.**

Врз основа на член 23 став 3 од Законот за вршење на стопански дејности со самостоен личен труд со средства на трудот во сопственост на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр 30/87), Републичкиот комитет за образование, култура и физичка култура донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД ЗА НАСОЧЕНО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ ЌЕ ВРШАТ ПРОВЕРУВАЊЕ НА СТРУЧНАТА ОСПОСОБЕНОСТ ЗА ВРШЕЊЕ ОПРЕДЕЛЕНИ ЗАНАЕТЧИСКИ ДЕЈНОСТИ И УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ

1. Во Решението за определување на организациите но здружен труд за насочено образование кои ќе вршат проверување на стручната оспособеност за вршење определени занаетчиски дејности и угостителска дејност („Службен весник на СРМ" бр. 18/88), во точката 1 алинеја 2 по зборовите „производство и поправка на разновидни производи", се додаваат зборовите „металопреработувачка дејност; градежно занаетчиство;"

2. Во точка 1 алинеја 5 по зборовите „градежно занаетчиство," се додаваат зборовите „занаетчиски лични и други услуги;"

3. Во точка 1 алинеја 6 по зборовите „изработка од дрво;" се додаваат зборовите „производство и поправка на разновидни производи," градежно занаетчиство; занаетчиски лични и други услуги,"

4. Во точка 1 алинеја 7 по зборовите „изработка на гумени производи;" се додаваат зборовите „производство и поправка на разновидни производи; — занаетчиски лични и други услуги;"

5. Во точка 1 алинеја 8 по зборовите „угостителска дејност се додаваат зборовите „производство на прехранбени производи,"

6. Во точка 1 алинеја 10 по зборовите „преработка на хартија;" се додаваат зборовите „занаетчиски лични и други услуги;"

7. Во точка 1 алинеја 11 по зборовите „уметнички занаети;" се додаваат зборовите „занаетчиски лични и други услуги;"

8. Во точка 1 по алинеја 11 се додаваат четири нови алинеи кои гласат.

„— У. Ц. „Боро Петрушевски" — „металопреработувачка дејност, производство и поправка на електрични апарати; изработка на гумени производи; производство и поправка на разновидни производи; занаетчиски лични и други услуги",

— УСО „Орце Николов" — „металопреработувачка дејност; производство и поправка на електрични апарати; производство и поправка на разновидни производи;"

— УСО „Раде Јовчевски-Корчагин" — „занаетчиски лични и други услуги;"

— УЦ „Браќа Миладиновци" — „производство на прехранбени производи,"

9. Во точка 2 алинеја 1 по зборовите „производство и поправка на електрични апарати" се додаваат зборовите „производство и поправка на разновидни производи градежно занаетчиство, занаетчиски лични и други услуги; уметнички занаети,"

10. Во точка 3 алинеја 1 по зборовите „градежно занаетчиство;" се додаваат зборовите „занаетчиски лични и други услуги,"

11. Во точка 8 алинеја 2 по зборовите „уметнички занаети" се додаваат зборовите „преработка на хартија, производство на текстилни производи; преработка на кожа, скај и синтетички материјали, производство на разновидни производи;"

12. Во точка 8 алинеја 3 зборовите „преработка на хартија; производство на текстилни производи; преработка на кожа, скај и синтетички материјал," се бришат, а по зборот „занаетчиски" се додава зборот „лични"

13. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 140/1
13 јануари 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет
за образование, култура
и физичка култура,
проф. д-р **Саво Климовски**, с р.

**13.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за цени на главни и споредни шумски производи како и други производи и услуги, донесена од Работничкиот совет на

Работната организација ШИК „Јелак“ во Тетово на 7 ноември 1987 година под број 09-6060, во делот во кој с предвидено да се наплатуваат одредени трошоци од сопствениците на шуми

2. Оваа одлука ќе се објави во Службен весник на СРМ и во означената организација на здружениот труд на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 3/88 од 6 јули 1988 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одлуката означена во точката 1 од ова решение, затоа што предвидено е наплатување на шумска такса и за шумите на кои постои право на сопственост, поради што се постави прашањето за нејзината согласност со Законот за шумите

4. На седницата Судот утврди дека со оспорената одлука се утврдени цените на главните и споредните шумски производи, при што е предвидено дека за приватните шуми ќе се наплатуваат трошоци за стручно-технички и административни услуги што им се пружаат на сопствениците на шумите.

5. Во член 32 од Законот за шумите („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74) е предвидено со шумите на кои постои право на сопственост да се стопанисува врз основа на критериумите за вршување на сечите и работите на одржувањето и унапредувањето на шумите, утврдени со одлука на собранието на општината

Според член 52 став 1 од овој закон општината може да ја презема грижата за одржување и унапредување на шумите на кои постои право на сопственост, доколку сопственикот не ги презема определените мерки за одржување и унапредување. Според став 2 на овој член, ако општината се грижи за одржување и унапредување на шумите, сопствениците се должни на општината да и ги надоместат трошоците за тоа. Согласно став 5 на овој член под одржување и унапредување на шумите подразбира пошумување на пасишта, нега на шумите и културите, подобрување на состојбата на дрвниот фонд, како и заштита од пожар, штетни инсекти и растителни болести.

Согласно член 53 од Законот за шумите на кои постои право на сопственост, работите на ознаката за сеча, премер, контрола на превезувањето и пренесувањето на шумските производи, одгледувањето и заштитата на шумите од растителни болести и штетници, општината може да ги пренесе врз организацијата што стопанисува со шуми

6 Од изнесените одредби произлегува дека Законот ги утврдил случаите за кои работи и под кои услови може да се задолжат сопствениците на шумите да плаќаат надоместок за одржување и за унапредување на шумите, при што изречно не предвидел можност за општината и организацијата која стопанисува со шумите да утврдуваат обврска за плаќање на такса односно надоместок за ознака за сеча на шумите на кои постои право на сопственост.

Со оглед на тоа што со оспорената одлука е предвидено сопствениците на шумите на организацијата која стопанисува со шумите да и плаќаат трошоци за стручно-технички и административни услуги за шумите, кои според мислењето на Судот ги опфаќа и трошоците за сеча на шуми, а законот не предвидува можност за наплатување на ваков надоместок, Судот утврди дека оспорениот дел од одлуката не е во согласност со означените законски одредби.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У бр 3/88
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

## 14.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

# ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека Табеларниот преглед за вреднување на работите и работните задачи, составен дел на Правилникот за стекнување и распоредување на доходот, чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците во Основното училиште „Рампо Левката“ во Прилеп, донесен со референдум на 30 октомври 1986 година, во делот во кој е извршено вреднување на работите и работните задачи на секретарот со средно образование, во времето на неговото важење не бил во согласност со член 9 од Законот за работните односи

Оваа одлука има правно дејство на одлука со која се укинува самоуправен општ акт.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означеното основно училиште на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3 Основниот суд на здружен труд во Битола поведе постапка пред Уставниот суд на Македонија за оценување уставноста и законитоста на делот од Табеларниот преглед означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што не бил во согласност со уставното начело на распределба според трудот.

4. На седницата Судот утврди дека во означениот Табеларен преглед е извршено различно вреднување на работите и работните задачи на секретарот со средно, више и високо образование по сите основи

5. Според член 9 од Законот за работните односи со самоуправниот општ акт можат да се утврдат и вреднуваат најмногу два степена на стручна подготовка

Според мислењето на Судот со ваквиот начин на утврдување и вреднување на работите и работните задачи на секретарот, всушност се предвидени три степени на стручна подготовка за вршење на овие работи и работни задачи што не е во согласност со член 9 од Законот за работни односи.

Со оглед на изнесеното, Судот утврди дека оспорениот дел од Табеларниот преглед во времето на неговото важење не бил во согласност со означената законска одредба.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 139/88
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

## 15.

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 15 алинеја 2 и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата од 27 декември 1988 година, донесе

# ОДЛУКА

1. СЕ ОДБИВА предлогот на Основниот суд на здружениот труд Скопје за оценување уставноста и законитоста на член 67 став 2 од Правилникот за основите и мерилата за стекнување и распоредување

на доходот и чистиот доход и за распределба на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка на работниците во Работната организација за згрижување, воспитание и образование „Братство-Единство“ во Скопје, донесен со референдум на 29 јуни 1987 година и на Одлуката за усогласување со новиот Правилник за личен доход и зголемување на вредноста на бодот, донесен од Работничкиот совет на означената работна организација на 8 октомври 1987 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

3. Основниот суд на здружен труд Скопје со предлог поднесен до Уставниот суд на Македонија поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 на оваа одлука, затоа што со член 67 став 2 од Правилникот негова примена е условена од приливот на средства за лични доходи, што не било во согласност со член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија и било во спротивност со член 551 од Законот за здружениот труд, и што оспорената одлука е донесена од работничкиот совет, а не од работниците со референдум, што било во спротивност со член 438 од Законот за здружениот труд.

Кон предлогот на Основниот суд на здружениот труд со посебна претставка се придружи група работници од означената работна организација.

4. На седницата Судот утврди дека во член 67 став 2 од Правилникот е предвидено разликата во бодовите што ги имал работникот до денот на примената на Правилникот и бодовите добиени со вреднувањето според Правилникот да се исплатува зависно од обезбедувањето на средства за таа намена.

5. Според член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија самоуправните општи акти не можат да се применуваат пред да се објават на соодветен начин, а според член 551 став 1 од Законот за здружениот труд, самоуправните општи акти се објавуваат пред да влезат во сила.

Според мислењето на Судот, од наведените, како и од други уставни и законски одредби, не произлегува обврска самоуправните општи акти да се применуваат непосредно по нивното објавување односно влегување во сила. Поради тоа Судот смета дека е самоуправно право на работниците да одлучуваат и за времето на примената на самоуправниот општ акт, поаѓајќи од природата на односите уредени со него, при што можат почетокот на неговата примена да го условат со определен рок или со исполнување на определен услов

Врз основа на изнесеното, Судот оцени дека оспорениот член 67 став 2 од Правилникот не е во несогласност со член 260 став 2 од Уставот на СР Македонија и не е во спротивност со член 551 став 1 од Законот за здружениот труд

6. Судот понатаму утврди дека во член 1 од оспорената одлука е предвидено со средствата за зголемување на личните доходи добиени од соодветната самоуправна интересна заедница да се врши усогласување на бројот на бодовите предвидени со Правилникот за распределба на средствата за лични доходи за 35%, а во членот 2 е утврдена вредноста на бодот.

Според член 438 од Законот за здружениот труд работниците со референдум, меѓу другото, одлучуваат и за основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи.

Според мислењето на Судот, со оспорената одлука не се утврдуваат нови, ниту се менуваат основите и мерилата за распределба на средствата за лични доходи, што се веќе утврдени со Правилникот, туку таа претставува акт за примена на Правилникот. Поради тоа Судот оцени дека таа не е во спротивност со член 438 од Законот за здружениот труд

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

У. бр. 150/88
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

---

**16.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, на седницата одржана на 13 јули 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 28 од Правилникот за основите и мерилата за стекнување и распоредување на доходот, чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи, донесен од работниците во Работната заедница за кадровски, правни и општи работи, во состав на Рудници и железарница „Скопје“ во Скопје, со референдум одржан на 6 и 7 мај 1986 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во означената работна заедница на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, со решение У. бр. 250/86 од 23 декември 1987 година, го одложи одлучувањето за оценување уставноста и законитоста на член 28 од Правилникот означен во точката 1 од оваа одлука и му даде можност на доносителот на актот да изврши усогласување со член 135 став 2 од Законот за здружениот труд, што тој не го стори во определениот рок.

4 На седницата Судот утврди дека во член 18 од Правилникот е предвидено за стимулирање и успешно извршување на задачите, кои се добиени од непосредниот раководител, на работникот да може да му се зголеми основицата на бодовите за тековен труд до 6%. Притоа, според член 28 од Правилникот, оценка на постигнатите резултати дава непосредниот раководител, односно тој е должен да води, изготвува и на крајот од месецот да доставува до пресметкувачот на личен доход посебна листа, врз основа на која се исплатува стимулативниот дел од личниот доход.

Според член 135 став 2 од Законот за здружениот труд за поединечните права, обврски и одговорности на работниците одлучува работничкиот совет, или комисија која тој ќе ја формира.

Со оглед на тоа што во оспорениот член од Правилникот е предвидено за поединечните права односно за добивање на стимулативниот дел на личниот доход да одлучува непосредниот раководител, Судот утврди дека оваа одредба од Правилникот е во спротивност со означениот член од Законот за здружениот труд.

Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од ова решение.

У бр. 250/86
13 јули 1988 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
д-р **Фиданчо Стоев**, с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ

**7.**

Врз основа на член 11 став 1 точка 3 од Законот за Самоуправната интересна заедница за заштита од градобијност („Службен весник на СРМ“ бр. 23/75) и член 22 став 1 точка 3 од Статутот на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност, на седницата одржана на 17 јануари 1989 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ

Член 1

Републичката самоуправна интересна заедница за заштита од градобијност ги утврдува придонесите што ги плаќаат·

1 основните организации на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници од областа на земјоделството по стапка од 2,0% од доходот остварен од земјоделска дејност намален за пресметаните законски и договорни обврски, освен данокот на доходот;

2. работните луѓе што вршат земјоделска дејност со средствата на трудот над кои постои право на сопственост (земјоделци) плаќаат придонес по стапка од 1,2% на личниот доход на земјоделска дејност (катастарски приход);

3. со Заедницата за осигурување имоти и лица „Македонија“ — Скопје и Заедницата за осигурување имоти и лица „Дунав“ Заедница за осигуреници Скопје ќе се склучат посебни договори со кои ќе биде утврден и придонес за 1989 година што тие за едници ќе го плаќаат од осигурен хектар обработлива површина (посеви и плодови).

Член 2

Пресметувањето и плаќањето на придонесот од доходот ќе се врши на начин и според прописите за данок на доход на организациите на здружен труд.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на стапките на придонесот за заштита од градобијност, бр. 08-11/3 од 29 јануари 1988 година („Службен весник на СРМ“ бр 4/88).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1- јануари 1989 година и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр 08-5/2
18 јануари 1989 година
Скопје

Претседател,
**Крсто Ристовски,** с р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ПАТИШТА

**8.**

Врз основа на член 99 од Законот за патишта („Службен весник на СРМ“ бр. 15/80, 26/80, 28/82, 13/86 и 28/88) и член 18 од Статутот на Републичката СИЗ за патишта, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за патишта — Скопје, на седницата одржана на 23 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА*

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА И НАЧИНОТ НА ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА УПОТРЕБА НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ НА МОТОРНИ И ПРИКЛУЧНИ ВОЗИЛА

I) За моторни и приклучни возила се плаќа надоместок за употреба на јавните патишта (во натамошниот текст: патарина) за периодот од 12 месеци и тоа·

1. Товарни возила.

а) За товарни возила (камиони и камионети), за специјални товарни возила наменети за превоз на определени товари, според носивоста и тоа:

— со носивост до 3 тони, 33.200 дин. за секој тон носивост,

— со носивост над 3 до 8 тони, 99.300 дин. + 44 700 дин. за секој тон носивост над 3 тони;

— со носивост над 8 до 10 тони 323.000 динари + 48.000 за секој тон носивост над 8 тони;

— со носивост над 10 тони 419.000 динари + 56.000 динари за секој тон носивост над 10 тони.

Ако носивоста на товарното возило не е изразена во цели тони, патарината се плаќа за носивост до половина тон во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина до полн тон — во износ определен за цел тон.

б) За товарни трицикли со носивост до 400 кгр. — како за мотоциклите наведени во оваа точка под 9 според работната зафатнина на моторот, а за товарните трицикли со носивост над 400 кгр. + 3.800 динари

2. За автобуси, комбибуси и комбинирани возила (комби) за превоз на патници 3.800 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење во овие возила.

3 За работни возила без оглед на носивоста и тежината 9 400 динари за секое возило.

Работни возила во смисла на оваа точка се: противпожарни возила, кинематографски возила, возила за телевизиско снимање, амбулантни возила за радиофлуографско снимање, возила за дезинфекција, возила за чистење на јавни површини, авто дигалки, возила механичарски работилници, возила автомобилски скалила, возила чистачи на снег, возила за превоз на оштетени возила и други возила во оваа смисла.

4 За приклучни возила

а) За товарни приколки и за специјални товарни приколки наменети за превоз на определени товари според носивоста и тоа

— носивост до 3 тони 17.700 динари за секој тон носивост

— со носивост над 3 до 8 тони 53.300 дин. + 24 500 дин. за секој тон носивост над 3 тони;

— со носивост над 8 тони до 10 тони 174.700 динари + 28.500 динари, за секој тон носивост над 8 тони,

— со носивост над 10 тони 246 700 динари + 36 300 дин. за секој тон носивост — над 10 тони.

Ако носивоста на товарната приколка не е изразена во цели тони патарината се плаќа за носивост до половина тон — во висина до 50% од износот определен за еден тон, а за носивост над половина тон — во износ определен за цел тон.

б) За патнички автобуски приколки 4.300 динари за секое патничко седиште, а 50% од овој износ за секое регистрирано место за стоење

в) За работни приколки 4.300 динари за секоја приколка без оглед на тежината.

---

* Извршниот совет на Собранието на СРМ даде согласност на оваа одлука на седницата одржана на 19 јануари 1989 година.

5. За влечни возила

а) За трактори

| | | динари |
|---|---|---|
| — до 18 kW | (25 kS) | 6.800 |
| — над 18—29 kW | (25—40 kS) | 10.000 |
| — над 29—46 kW | (40—65 kS) | 13.700 |
| — над 46 kW | (над 65 kS | 17.000 |

б) За теглачи со полуприколка до 10 тони носивост како за товарни возила наведени во оваа точка под 1 според носивоста на приколката, а за секој тон носивост на полуприколката над 10 тони по 36.800 динари

Ако се регистрира само теглач не се плаќа надоместок за употреба на јавните патишта.

6. За специјални возила за превоз на определени лица 9.300 динари за секое возило.

7. За патнички возила според зафатнината на моторот и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| — до 900 cм³ | | 13.5000 |
| — над 900 до | 1350 cм³ | 20.000 |
| — над 1350 до | 1800 cм³ | 29.000 |
| — над 1800 до | 2500 cм³ | 42.500 |
| — над 2500 до | 3150 cм³ | 63.500 |
| — над 3150 | | 92.000 |

8. Патничките возила од точка 7 кои се преуредени за погон на плин, освен патарината од оваа точка, плаќаат годишно и додатни надоместоци во висина од 25.000 динари, а такси возила + 71.500 динари.

9. За моторцикли според работната зафатнина на моторот и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| — до 125 cм³ | | 4.300 |
| — над 125 до | 250 cм³ | 6.000 |
| — над 250 до | 500 cм³ | 7.800 |
| — над 500 до | 1.000 cм³ | 9.300 |
| — над 1000 cм³ | | 11.000 |

10 За комбинирани возила

— за секој тон носивост по 33.200 динари + 3.800 динари за секое патничко седиште.

II) Имателите на моторни возила плаќаат надоместок пред поднесување барањето за регистрација односно продолжување на регистрацијата на возилата и тоа во еднократен износ однапред за 12 месеци, опфаќајќи го и месецот во кој се врши регистрацијата односно продолжување на регистрацијата

III) По исклучок, транспортните организации на здружениот труд можат надоместокот да го плаќаат во рати, секои три месеци однапред, во износ од една четвртина на тој надоместок.

Имателот на моторното возило што привремено го регистрира своето возило за време покусо од 12 месеци плаќа сразмерен дел на надоместокот за тој временски период.

IV) Ако имателот на моторното возило или приклучно возило, возилото го одјави пред истекот на времето за кое платил патарина, може во рок од 3 месеци по одјавувањето да бара враќање на платена патарина за сите преостанати цели месеци кај општинскиот орган на управата надлежен за финансии.

V) За отуѓено моторно возило или приклучно возило, за кое е платена патарина по точка 1 на оваа одлука новиот имател за тоа време не треба да плаќа патарина.

VI) Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за определување на висината и начинот на плаќање на надоместокот за користење на јавните патишта што се плаќаат на моторните и приклучните возила („Службен весник на СРМ“ број 6/88).

VII) Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 14-2244/6
23 декември 1988 година
Скопје

Претседател,
**Никола Таневски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ГРАД СКОПЈЕ

**9.**

Врз основа на член 48 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје, Собранието на Самоуправната интересна заедница за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје на XXV-та седница одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕС ОД ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС КАКО ПРИХОД НА СИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА НА ГРАД СКОПЈЕ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Збирната стапка на придонес од личен доход од работен однос како приход на СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје во 1989 година, изнесува 6 00%, од кое 4,50% за основно воспитание и образование и 1,50% за општествена заштита на децата.

Член 2

Организациите на здружениот труд од основното, средното насочено образование и од социјална заштита, Меѓуопштинскиот завод за унапредување на предучилишното и основното воспитание и образование на град Скопје, Републичкиот завод за унапредување на воспитанието и образованието — Скопје и Стручната служба на СИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата на град Скопје, ќе уплатуваат 50% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или збирна стапка од 3,00%, од кое 2,25 за основно воспитание и образование и 0,75% за општествена заштита на децата

Организациите на здружениот труд од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност на заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности ќе уплатуваат 70% од утврдената основица во член 1 од оваа одлука или збирна стапка од 4,20%, од кое 3,15% за основно воспитание и образование и 1,05% за општествена заштита на децата.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-1554
30 декември 1988 година
Скопје

Претседател,
**Љубе Јовановски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — БЕРОВО

**10.**

Врз основа на член 76 став 2 од Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ“ бр 32/87) и член 14 став 1 алинеја 5 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за вработување — Берово, Собранието на ОСИЗ за вработување, на седницата одржана на 23 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување на подрачјето на општината — Берово за 1989 година се утврдува по стапка од 0,65%

Член 2

Придонес за вработување плаќаат работниците и работодавците членови на заедницата за вработување.

Пресметувањето и плаќањето на придонесот за вработување се врши за

1. работниците во организацијата и работниците вработени кај работодавец, од личниот доход на работниците, во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход, и

2 работодавецот од основицата според која се плаќа данок од личен доход.

За работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ придонесот за вработување изнесува 12% од паушалниот износ на данокот

Работниците на привремена работа во странство уплатуваат придонес за вработување според основица што со посебна одлука ја утврдува Републичката СИЗ за вработување

Член 3

Пресметувањето и наплатувањето на придонесот за вработување се врши согласно прописите за даноците на граѓаните.

Член 4

Облогот и наплатата на придонесот за вработување за работодавецот го врши надлежниот орган за приходи при Собранието на општината.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето а ќе се применува од 1 јануари 1989 година, и ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-318/1
23 декември 1988 година
Берово

Претседател,
**Стојан Радевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — БИТОЛА

**11.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 161 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — РАБОТНИЦИ ОД ОПШТИНАТА БИТОЛА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесот за здравствена заштита за 1989 година се утврдуваат на 10,00% од бруто личниот доход и другите примања во кои се содржани

— стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита, 4,50% и

— стапката на придонесот за правата од здравствена заштита над задолжителните видови и другите права од здравственото осигурување, 5,50%

Придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се утврдува, во висина од 0,30%

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став претставува

— кај обврзниците кои формираат доход, остварениот доход,

— кај обврзниците кои не формираат доход, бруто личните доходи и другите примања.

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита во случај на несреќа на работа, по стапка од 1% на исплатениот надоместок.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство (за деташирани работници), се одредува во висина од 20% од чистиот личен доход, односно основицата утврдена со посебна одлука.

Придонесот од претходниот став по видови на осигурување се распоредува сразмерно на стапката утврдена со член 1 на оваа одлука.

Член 3

Придонесот за здравствена заштита на корисниците на пензија, СИЗ на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија го плаќа по стапка што одговара на нето стапка на бруто стапка од член 1 на оваа одлука

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став претставуваат вкупно исплатените пензиски примања во времето за кое се плаќа придонесот.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со Закон, Статут, оваа одлука и други општи акти на Заедницата.

Член 5

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр 2-2359/19 од 24. XII. 1987 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1989 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 02-1839/10
26 декември 1988 година
Битола

Претседател,
**Бранко Поповски,** с. р.

**12.**

Врз основа на член 103—105 и член 108—110 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 151 став 1 точка 15 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Битола, со рамноправно учество во Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услуги, на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРИДОНЕСИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствена заштита во постојани месечни износи во 1989 година се плаќаат за:

1 лицата на доброволна практика (волонтери) што не примаат личен доход, ако работат со полно работно време, во износ од 5.400 динари;

2. учениците во средните училишта за одделни струки за кои покрај училишната се изведува и практична настава во организација на здружениот труд, училиштето или кај приватен работодавец, во износ од 3 000 динари,

3. лицата на школување, стручно усовршување или постдипломски студии кои поради тоа прекинале со школувањето, ако за тоа време примаат стипендија, се плаќа придонес во износ од 15 000 динари;

4. лицата кои организацијата пред да ги вработи ги упати како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување, ако за тоа време примале стипендија, придонесот се плаќа, во износ од 15.000 динари;

5. лицата кои учествуваат во младински работни акции, а кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени во сите случаи на инвалидност, се плаќа во износ од 3.000 динари,

6. лицата кои учествуваат во организирани работни акции ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 3.000 динари;

7. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука (логорување), во износ од 3.000 динари;

8. за лицата припадници на територијални единици, припадници на цивилната заштита за време на цивилната заштита за време изведување на задачите на територијалната одбрана, во износ од 3.000 динари;

9. уживателите на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во износ од 5.400 динари;

10. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на работа во странство кои живеат на подрачјето на заедницата, а на кои не им е обезбедено здравствена заштита кај странските носители на здравствена заштита, се плаќа придонес за здравствена заштита во постојан износ од 10.000 динари;

11. уживателите на инвалиднини по прописите на инвалидското осигурување и тоа само во случај на потреба од лекување во врска со повреда или заболување што предизвикало телесно оштетување на кои им припаѓа право на инвалиднина, во износ од 5.400 динари·

12. брачниот другар, односно родители осигуреници според член 32 од Законот за здравствена заштита по 10.000 динари,

13. членовите на семејството на осигуреникот кој се наоѓа на отслужување на воениот рок во ЈНА, ако пред тоа го исполнил условот на претходно осигурување, во износ од 2.000 динари, по член;

14. југословенските државјани што примаат пензија или инвалиднина исклучиво од странски носители на осигурување (земји без конвенции), додека престојуваат на подрачјето на заедницата плаќаат месечни паушали, во износ од 30 000 динари.

Член 2

Во постојани месечни износи се плаќаат придонеси за здравствено осигурување за случај несреќа на работа и заболување од професионални заболувања, во износ од по 15 000 динари за:

1. учениците во средните училишта и студенти во вишите и високите школи, факултетите, уметничките академии за време траењето на практичната работа во врска со наставата.

2. лицата кои учествуваат во младинските работни акции кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, како и лицата кои учествуваат во организирани работни акции.

3. лицата кои се наоѓаат на извршување на задачите на територијалната одбрана и на цивилната заштита,

4. лицата кои се наоѓаат на предвојничка обука,

5. лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување и на преквалификација, а се упатени од Самоуправната интересна заедница за вработување,

6. лицата кои работат помалку од половината од полното работно време и

7. припадниците на доброволните организации на противпожарната заштита

Член 3

Платените придонеси од член 1 точка 1 од оваа одлука по видови на здравствена заштита ќе се распоредуваат по следната структура и тоа:

— за задолжителни видови 55,00%;
— за останати права над задолжителните видови 40,00%;
— за несреќа на работа и професионално заболување 5,00%;

а придонесите од точка 9—15 се распоредуваат:

— задолжителни видови 60,00%;
— за останати права над задолжителните видови 40,00%.

Член 4

Придонесите за лицата опфатени со член 1 и 2 од оваа одлука се пренесуваат и плаќаат месечно наназад по исклучок на придонесите од член 1 точка 10 и 14.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од 1 месец за секој календарски ден во соодветниот месец, се плаќа по 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката на оваа заедница од 1987 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Одлуката да се објави во „Службен весник на СРМ".

02 Бр. 1839/11
26 декември 1988 година
Битола

Собор на делегати корисници на услуги — работници
Претседател,
**Коста Стефанов,** с. р.

Собор на делегати — даватели на услуги
Претседател,
**Василка Размовска,** с. р

Собрание на ООСО — Битола
Претседател,
**Бранко Поповски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ — БИТОЛА

**13.**

Врз основа на член 196 став 1 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 19/83), член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81), член 26 и 92 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за образование, општествена заштита на децата и научни дејности — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за образование, општествена заштита на децата и научни дејности — Битола, на седницата одржана на 29 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА И НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ — БИТОЛА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите со кои се обезбедува приходот на Општинската самоуправна интересна заедница за образование, општествена заштита на децата и научни дејности — Битола, за 1989 година, изнесуваат

I. Придонес за основно образование

1. Придонес од личен доход од работен однос од стопанство, по стапка од 4,5%,

2. Придонес од личен доход од работен однос од нестопанство, се утврдува по стапка од 4,5% освен:

— придонесот од личен доход од работен однос за организациите на здружен труд од општествена заштита на децата, основното и насоченото средно образование и социјална заштита за кои се утврдува стапка на придонес од 2,25%;

— за организациите од вишото и високото образование, организациите кои вршат дејност на заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности се утврдува стапка од 3,15%.

3. Придонес од земјоделска дејност, по стапка од 1,51%.

4. Придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанската дејност, по стапка од 5,50%.

5. Придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 5,50%.

II. Придонес за општествена заштита на децата

1. Придонес од личен доход од работен однос од стопанството, по стапка од 1,30%.

2. Придонес од личен доход од работен однос од нестопанство се утврдува, по стапка од 1,30% освен:

— придонесот од личен доход од работен однос во организациите на здружен труд од општествената заштита на децата, основното и насоченото средно образование и социјалната заштита за кои се утврдува стапка на придонес од 0,65%;

— за организациите кои вршат дејности на заштита на културни блага, организациите од вишото и високото образование и од областа на сценско-музичките дејности, се утврдува стапка од 0,90%.

3. Придонес од личен доход од земјоделска дејност по стапка од 0,09%

4. Придонес од самостојно вршење на стопанска дејност, по стапка од 0 6%.

5. Придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност, по стапка од 0,6%.

Член 2

Даночните ослободувања се олеснувања кои ги пропишува Собранието на општината за придонесот од земјоделска дејност, ќе се однесуваат и на придонесите за основно образование и општествена заштита на децата.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот но донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година. Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-474/6
29 декември 1988 година
Битола

Претседател,
**Снежана Ковачевска,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — БИТОЛА

**14.**

Врз основа на член 83 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ" бр. 9/78 и 43/78) и член 18 став 1 точка 8 од Статутот на Општинската СИЗ за социјална заштита — Битола, Собранието на Општинската СИЗ за социјална заштита — Битола, на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

I

Се продолжува важноста на Одлуката за утврдување на стапките на придонесите за социјална заштита, 02 број 18/4 од 24 декември 1987 година.

II

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

02 Бр 14/7
27 декември 1988 година
Скопје

Претседател,
**Ѓорѓи Богоевски,** с. р

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ДЕМИР ХИСАР

**15.**

Врз основа на член 26 точка 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата Демир Хисар, Собранието на Заедницата на седницата одржана на 21 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА, ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, за општествена заштита на децата, се утврдува во износ од:

— 2,00% од бруто личен доход од работен однос во ОЗТ од стопанството и нестопанските дејности;

— 0,05% од личен доход од земјоделска дејност (од катастарски доход);

— 0,40% од бруто личен доход од вршење на стопанска и друга професионална дејност.

Член 2

За ОЗТ од општествените дејности, основно образование (шифра на дејноста 120111), за ОЗТ од средното насочено образование (шифра на дејноста 120121) се утврдува стапка од 1,00%.

За ОЗТ од општествената заштита на децата (шифра на дејноста 130211) плаќаат стапка од 1,40% од бруто личните доходи.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1 октомври 1988 година, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Бр. 08-163/8
21 декември 1988 година
Демир Хисар

Претседател,
**Раде Наумовски,** с. р.

**16.**

Врз основа на член 26 точка 10 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Демир Хисар, Собранието на заедницата на седницата одржана на 21 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА, ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување средства во ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата, за основно образование, се утврдува во износ од:

— 5,00% од бруто личен доход од работен однос во ОЗТ од стопанството и нестопанските дејности;

— 2,00% од личен доход од земјоделска дејност (од катастарски доход);

— 5,00% од бруто личен доход за вршење на стопанска и друга професионална дејност;

Член 2

За ОЗТ од општествените дејности, основно образование (шифра на дејноста 120111), за ОЗТ од средно насоченото образование (шифра на дејноста 120121) се утврдува стапка од 2,50%.

За ОЗТ од општествените дејности, општествена заштита на децата (шифра на дејноста 130211 се утврдува стапка од 3,50% од бруто личните доходи.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 октомври 1988 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-163/8
21 декември 1988 година
Демир Хисар

Претседател,
**Раде Наумовски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КАВАДАРЦИ

**17.**

Врз основа на член 161 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, а врз основа на Програмата за мерки и економската политика во 1989 година, Собранието на ОСИЗ за здравство, на седницата одржана на 22 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Работните луѓе во ОЗТ и граѓаните кои се занимаваат со самостојна стопанска и нестопанска дејност во 1989 година ќе ги издвојуваат следните придонеси за финансирање на здравството и здравственото осигурување:

1. ОЗТ од областа на стопанството и нестопанството (дејностите од 01 до 14), ќе издвојуваат 9% од бруто личниот доход,

2. граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат по остварен доход, ќе издвојуваат 9,50% од утврдената даночна основица за 1988 година која не може да биде пониска од просечно исплатениот бруто личен доход во СРМ во 1988 година.

Во текот на 1989 година обврзниците од став 1 на оваа точка ќе плаќаат аконтација од 9,5% од утврдената основица за пресметување на придонесот за здравствена заштита утврден за 1988 година, ревалоризирана секој месец според стапката на порастот на цените на мало која се објавува во „Службен лист на СФРЈ“.

3. Граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат во паушален износ ќе ги плаќаат следните придонеси:

— граѓаните кои се занимаваат со самостојни стопански и нестопански дејности, кои со Одлуката на Собранието на општината се прогласени за дефицитарни и на одумирање, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50% на основицата минимален личен доход остварен во претходната 1988 година во бруто износ во СРМ;

— останатите паушалисти ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50% на основицата просечен бруто личен доход остварен во стопанството на општината во претходната 1988 година.

4. Лицата кои примаат материјално обезбедување преку Заедницата за вработување, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,5%.

Член 2

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести на работниците во 1989 година се утврдува на 0,50% на остварениот доход на ОЗТ од областа на стопанството и нестопанството. ОЗТ кои не пресметуваат доход ќе плаќаат 0,5% на бруто личниот доход.

Член 3

Се овластува претседателот на Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кавадарци помеѓу две седници на Собранието да донесе Одлука за измена и дополнување на оваа одлука, со цел истата да се зголеми или намали за да се обезбеди нормално финансирање на здравството, а на првата наредна седница да ја достави истата на потврдување.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1 јануари 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Член 5

Со примената на оваа одлука престанува да важи Одлуката која е објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 10/88.

Бр. 0201-680/6
22 декември 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков**, с. р.

**18.**

Врз основа на член 112 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83), член 28 и 29 од Статутот на Општинската заедница — Кавадарци, Собранието на Општинската заедница за здравствена заштита — Кавадарци, на заедничка седница на делегатите на Соборот на корисниците на услуги и Соборот на даватели на услуги, одржана на 22 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ШТО ЌЕ СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТОЈАНИ МЕСЕЧНИ ИЗНОСИ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ КОРИСНИЦИ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за одделни категории на здравствена заштита ќе се плаќаат и тоа:

1. за лицата на доброволна и задолжителна практика (волонтери), што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 8.500 динари за задолжителна здравствена заштита, за останати права од здравствена заштита и во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести;

2. за учениците во стопанството, односно учениците на училишта од средно образование за одделни занимања за кои покрај училишната се изведува и практична настава, во износ од 8.500 динари, задолжителните видови на здравствена заштита за останати права од здравствено осигурување и за случаи несреќа на работа и заболување од професионални болести;

3. за лицата кои учествуваат на младински работни акции за кои по прописите на инвалидското осигурување се осигурени за сите случаи на инвалидност, во износ од 8.500 динари.

4. за лицата кои учествуваат во организирани работни акции, ако на тие работи работат најмалку 6 часа дневно, во износ од 8.500 динари;

5. за лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и општествена самозаштита, припадниците на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 8.500 динари;

6. за членовите на потесното семејство на југословенските работници на привремена работа во странство кои живеат на подрачјето на Заедницата, а на кои не им е обезбедена здравствена заштита кај странскиот носител на здравственото осигурување, во износ од 25.000 динари по корисник на здравствена заштита;

7. за пензионерите од странски носители на осигурување додека престојуваат на подрачјето на заедницата, ако по меѓународен договор не е определено поинаку, во износ од 25.000 динари;

8. за лицата што се привремено невработени, а редовно се пријавуваат кај заедницата за вработување, во износ од 15 000 динари по корисник на здравствена заштита;

9. за лицата на школување, стручно оспособување и усовршување или постдипломски студии во земјата и странство, кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија, во износ од 25.000 динари;

10. за лицата кои организацијата пред засновање на работен однос ги упатува како свои стипендисти на практична работа во друга организација заради стручно оспособување или усовршување, во износ од 8.500 динари;

11. за лицата кои не се осигурени по ниеден друг основ, а се корисници на задолжителни видови здравствена заштита, Собранието на општина Кавадарци ќе плаќа од буџетот на општината во 1989 година, по 8.500 динари месечно по корисник;

12. за лицата кои се неосигурени, а се корисници на материјално парична помош како единствен хранител поради служење во ЈНА, а користи целосна здравствена заштита, давателот на помошта ќе плаќа по 8.500 динари месечно од корисник на здравствена заштита;

13. за лицата корисници на постојана парична помош од Центарот за социјална заштита ќе се плаќа по 23.000 динари месечно за користење на целосна здравствена заштита.

Член 2

Во постојан месечен износ се плаќаат и придонеси за здравствена заштита во случај на повреда на работа и заболувања од професионални болести за:

1. учениците во средното насочено образование и студентите на вишото и високото образование за време на практичната работа во врска со наставата, во износ од 2.000 динари;

2. лицата кои учествуваат на младински работни акции кои според прописите за ПИО се осигурени во случај на инвалидност, во износ од 2.000 динари;

3. за лицата кои учествуваат во организирани јавни работни акции, во износ од 2.000 динари;

4. лицата кои се наоѓаат на обука и оспособување за општонародна одбрана и безбедност и општествена самозаштита, припадници на територијалната одбрана и на цивилната заштита за време на обука, оспособување и вршење на должност, во износ од 2.000 динари;

5. за лицата кои работат помалку од половината од полното време, во износ од 3.500 динари;

6. за лицата кои се наоѓаат на стручно оспособување или преквалификација што ги организира или упатува Заедницата за вработување во соодветните организации на здружен труд, во износ од 3.200 динари;

7. за лицата учесници во активности при природни и други тешки несреќи и активности при противпожарната заштита, во износ од 2.500 динари;

8. за лицата кои по барање на надлежни органи за внатрешни работи или овластено службено лице ќе укажат помош на овие органи во вршењето на нивните должности за време на укажување на таквата помош според соодветните прописи, во износ од 2.000 динари;

9. за лицата кои вршат повремени или привремени работи по основ договор, во износ од 3.500 динари.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени со оваа одлука, освен за лицата по член 1 точка 8, се пресметуваат и плаќаат однапред.

Доколку придонесите се утврдуваат за време покусо од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа 1/30 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 0201-116/12-Г од 4 март 1988 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година, со тоа што износите во точка 10 до 14 ќе се валоризираат во текот на годината зависно од гарантираниот личен доход во Републиката.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0201-680/9
22 декември 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков**, с. р.

**19.**

Врз основа на член 57 став 1 и 2 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 10/83) и член 16 точка 9 и 84 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, Собранието на Општинската СИЗ, на заедничка седница на делегатите на Соборот на корисниците на услуги и Соборот на давателите на услуги, одржана на 22 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА НАДОМЕСТОК НА ПАТНИТЕ ТРОШОЦИ И ДНЕВНИЦИТЕ НА КОРИСНИЦИТЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА КОИ СЕ УПАТУВААТ НА ПРЕГЛЕД И ЛЕКУВАЊЕ ВО ДРУГО МЕСТО ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува начинот на употребата на превозните средства, условите и начинот на остварувањето на надоместокот на патните трошоци и дневниците за време на патувањето со престој во друго место што им припаѓа на корисниците на здравствена заштита на товар на средствата на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кавадарци, а во случај кога од матичниот лекар или лекарска комисија се упатени да користат здравствена заштита надвор од местото на нивното живеалиште и на начин пропишан со Статутот на Заедницата.

Член 2

Надоместокот на трошоците за превоз им припаѓа на корисниците според тарифата на превозните средства во јавниот патен сообраќај по најкусата релација

За деца до 7 годишна возраст не се признаваат трошоци за превоз.

Кога превозот е извршен без претходен налог на матичниот лекар, оправданоста за извршениот превоз ја цени лекарската комисија дополнително по барање на корисник и со поднесување на потребните докази.

Член 3

Надоместокот за превозот се одредува по тарифата на најкусата релација на превозните средства во јавниот сообраќај — железница, автобус или авион.

Кога на иста релација сообраќа и воз и автобус, за надоместок се зема пониската тарифа.

Член 4

Ако корисникот според посебни прописи има право на неограничен број бесплатни патувања во јавниот патен сообраќај, не му припаѓа право на надоместок по оваа одлука.

Член 5

На корисникот кој користи здравствена заштита спротивно на одредбите од Статутот не му припаѓа надоместок за патни трошоци.

Член 6

Налогот, односно упатот за патување во друго место поради амбулантски, специјалистички и контролни прегледи, важи, по правило, само за едно патување. Доколку лекарот специјалист на кој корисникот му е упатен на прв преглед, најде дека е потребно испитување и лекување и кај други специјалисти, тоа посебно ќе го констатира, така да првобитниот упат ќе важи и за останатите прегледи.

Кога корисникот во смисла на претходниот став е упатен односно преземен на амбулантно-специјалистичко лекување или испитување, издадениот налог важи за сето време додека трае лекувањето, односно испитувањето.

Здравствената работна организација, односно лекарот на истата, кој на упатениот корисник му пружил здравствена заштита, на налогот за патување треба да потврди колку време корисникот тука се задржал во врска со прегледот (датум и часови) оверен со печат и потпис, што е доказ дека корисникот патувал и се јавил за здравствена заштита. Ако не е констатиран часот на почетокот и завршувањето на времето на задржувањето, се исплатува само половина дневница од износот утврден во член 8.

Член 7

Надоместокот на име исхрана и сместување за време на патувањето и престојот во друго место на корисникот изнесува и тоа:

1. на подрачјето на сопствената општина односно Заедницата — 2.000 динари;

2. вон Заедницата, а на подрачјето на СРМ — 4.500 динари;

3. надвор од подрачјето на СРМ — 7.500 динари.

За корисниците — деца до навршување на 7 годишна возраст надоместокот од претходниот став се намалува за 50%.

Надоместокот им припаѓа во полн износ ако патувањето и престојот во друго место заедно со часовите поминати на пат траело повеќе од 12, а помалку од 24 часа, а во половина износ ако патувањето и престојот траело повеќе од 8, а помалку од 12 часа.

Хотелската сметка се признава одделно до висината на хотел од „Б“ категорија.

Може да се користи кола за спиење. Во тој случај не се признава хотелско сместување.

Член 8

Барањето за исплатување на надоместокот од претходниот член стасува првиот нареден ден по завршеното патување, односно завршеното лекување.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи одлуката за надоместокот на патните трошоци на осигурените лица, бр. 0201-116/13-б од 4 март 1988 година.

Бр. 0201-680/11
22 декември 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков**, с. р.

---

**20.**

Врз основа на член 57 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 16 точка 9 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, Општинската СИЗ за здравствена заштита на заедничка седница на делегатите на Собранието на корисниците на услуги и Соборот на даватели на услуги, одржана на 22 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ИЗНОСОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ЗАКОП И ПОСМРТНА ПОМОШ НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА — РАБОТНИЦИ И ЗЕМЈОДЕЛЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдува висината, условите за стекнување право на надоместок на трошоците за закоп и посмртна помош во случај на смрт на корисник на здравствена заштита од подрачјето на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Кавадарци.

Член 2

Износот на надоместокот на трошоците за закоп се утврдува и тоа:

1. 65.000 динари, во случај на смрт на корисникот до 1 година возраст;

2. 105.000 динари, во случај на смрт на корисникот од 1 до 7 годишна возраст;

3. 150.000 динари, во случај на смрт на корисникот од 7 до 15 годишна возраст;

4. 190 000 динари, во случај на смрт на корисник на возраст над 15 години

Член 3

Во случај корисникот да умре вон подрачјето на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита, надоместокот од претходниот член се зголемува за 30% без оглед каде е извршен закопот.

Доколку корисникот умре во странство, надоместокот од член 2 се зголемува за 50% без оглед каде е извршен закопот.

Член 4

Надоместокот на погребните трошоци се исплатува на лицата кои ќе го извршат закопот на корисникот, врз основа на изводот од матичната книга на умрените, потврдата за извршениот закоп и здравствената легитимација на корисникот.

Во случај корисникот да умре во странство, покрај доказите од претходниот став, се поднесува и потврда од дипломатското претставништво на СФРЈ во таа земја дека лицето умрело во странство.

Член 5

Барањето за исплата на надоместокот на погребни трошоци стасува со денот на смртта, односно со закопот на корисникот.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овая одлука, престанува да важи поранешната Одлука бр. 0201-116/13-а од 4 март 1988 година.

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 0201-680/10
22 декември 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

**21.**

Врз основа на член 162 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Кавадарци, Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кавадарци, на седницата одржана на 22 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствена заштита и за правата од здравствена заштита на лицата кај приватните работодавци за кои со Законот за здравствена заштита не е утврдена основица за придонес

Придонесот ќе се пресметува по стапка од 9,5% месечно.

Член 2

Основицата за пресметување и плаќање на придонесите за здравствена заштита и за правата од здравствена заштита на лицата вработени кај приватни работодавци се утврдуваат според склучените договори, а не можат да бидат пониски од следните износи·

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 240.000 дин. |
| — за полуквалификувани работници | 320.000 дин. |
| — за квалификувани работници (стручно оспособени) | 346.000 дин. |
| — за висококвалификувани работници | 397.000 дин. |

Член 3

За вработените лица кај приватни работодавци основицата се утврдува според школската подготовка и тоа:

| | |
|---|---|
| — со средна стручна подготовка | 346.000 дин. |
| — со виша стручна подготовка | 397.000 дин. |
| — со висока стручна подготовка | 425.000 дин. |

Член 4

Утврдениот минимален пораст на основицата во член 2 и 3 од оваа одлука ќе се ревалоризира после поднесување на периодичните пресметки за процентот на порастот на личниот доход во општина Кавадарци, за периодот за кој се поднесува пресметката.

Член 5

За работници кои се вработени кај лица што вршат занаетчиска дејност која со одлука на Собранието на општина Кавадарци е утврдена како дефицитарна и во изумирање, се плаќа придонес за здравствена заштита во висина на 50% од загарантираниот личен доход во стопанството во општина Кавадарци во 1989 година.

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година

Бр. 0201-680/8
22 декември 1988 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КИЧЕВО

**22.**

Врз основа на член 160 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Кичево, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Кичево, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците на Општинската самоуправна интересна заедница за здравствена заштита Кичево се утврдува во висина од 7,5% од бруто личниот доход на работниците, во која се содржани:

— стапката на придонесот за обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита од 3,5% и

— стапката на придонесот за обезбедување на правата што самостојно ги утврдува заедницата од 4,0%.

Член 2

За обезбедување на правата од здравствената заштита во случај на повреда при работа и заболување од професионални болести, придонесот се плаќа по стапка од 0,5% од определната основица.

Основица за пресметување и плаќање на придонесот од претходниот став на овој член претставува:

1. За обврзниците на придонесот кои според Одлуката за единствена класификација на дејностите се распоредени во областите од 0 до 11 остварениот доход;

2. За обврзниците на придонесот, кои според Одлуката за единствена класификација на дејностите се распоредени во областите од 12 до 14 бруто личниот доход.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-5141/2
27 декември 1988 година
Кичево

Претседател на Собранието,
д-р **Петре Попоски,** с. р.

Претседател на Соборот на корисници на услуги — работници,
**Боге Петрески,** с. р.

Претседател на Соборот на даватели на услуги,
**Ване Наумоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КИЧЕВО

**23.**

Врз основа на член 26 став 11 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Кичево, Собранието на ОСИЗ на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНИТЕ СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧЕН ДОХОД НА ГРАЃАНИТЕ НА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КИЧЕВО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат пресметковните стапки на придонесите од личен доход од работен однос, од личен доход од вршење на самостојна стопанска дејност, од вршење на нестопанска дејност и од вршење на земјоделска дејност на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Кичево за 1989 година.

Член 2

Пресметковните стапки на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Кичево, за делот на општествената заштита на децата, ќе изнесуваат:

— придонес од личен доход од работен однос — 1,40%;
— придонес од личен доход од вршење на самостојна и професионална дејност — 0,50%;
— придонес од личен доход од вршење на земјоделска дејност — 0,12%

Член 3

Организациите на здружен труд од предучилишното, основното и средното образование ќе плаќаат придонес од личен доход во висина од 50%, а организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности во висина од 70% од утврдените стапки од членот 2 од оваа одлука.

Член 4

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пресметковните стапки на придонеси од личен доход бр. 08-1102/2 од 29 декември 1987 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр. 08-994/1
28 декември 1988 година
Кичево

Претседател,
**Коста Софрониоски,** с. р.

**24.**

Врз основа на член 26 став 11 од Статутот на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Кичево, Собранието на ОСИЗ, на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНИТЕ СТАПКИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИ ДОХОДИ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОСИЗ ЗА ПРЕДУЧИЛИШНО И ОСНОВНО ВОСПИТАНИЕ И ОБРАЗОВАНИЕ И ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — КИЧЕВО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат пресметковните стапки на придонесите од личен доход од работен однос, самостојна дејност и земјоделска дејност на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Кичево за 1989 година.

Член 2

Пресметковните стапки на придонесите што ќе се плаќаат на ОСИЗ за предучилишно и основно воспитание и образование и општествена заштита на децата — Кичево за делот на основното воспитание и образование ќе изнесуваат.

— придонес од личен доход од работен однос — 5,90%,

— придонес од личен доход од вршење на самостојна и професионална дејност — 6,00%;

— придонес од личен доход од вршење на земјоделска дејност — 1,75%.

Член 3

Организациите на здружен труд од предучилишното, основното и средното образование ќе плаќаат придонес од личен доход во висина од 50%, а организациите што вршат дејност и заштита на културните блага и од областа на сценско-музичките дејности во висина од 70% од утврдените стапки од членот 2 од оваа одлука.

Член 4

Со донесувањето на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на пресметковните стапки на придонеси од личен доход бр. 08-1101/1 од 29. XII. 1987 година.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 1 јануари 1989 година, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Бр 08-993/1
28 декември 1988 година
Кичево

Претседател,
**Коста Софрониоски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — КИЧЕВО

**25.**

Врз основа на член 75 од Законот за вработување („Службен весник на СРМ" бр. 32/87) и член 13 став 1 точка 4 од Статутот на СИЗ за вработување Кичево, Собранието на СИЗ за вработување Кичево на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за вработување на подрачјето на општина Кичево за 1989 година се утврдува на 0,70%.

Член 2

Придонес за вработување плаќаат работниците и работодавачите, членовите на СИЗ за вработување Кичево.

Организациите на ЗТ од основното и средното насочено образование и од социјалната заштита ќе плаќаат придонеси и даноци од личен доход во ви-

сина од 50%, а организациите од високото образование, општествената заштита на децата, организациите што вршат дејност и заштита на културни блага и од областа на сценско-музичките дејности во висина од 70% од општата стапка што ќе ја плаќаат ОЗТ и други корисници на општествени средства.

Член 3

Основицата за пресметување и плаќање на придонесот за вработување е.

— за работниците во ОЗТ личниот доход на работниците, во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход);

— за работодавачот — основицата според која плаќа данок од личен доход; и

— за работниците вработени кај работодавачот основицата на која се пресметуваат придонесите за ПИО и здравствено осигурување;

— за работодавачот кој данокот од личен доход го плаќа во годишен паушален износ, придонесот за вработување се утврдува 15% од паушалниот износ на данокот.

Работниците на привремена работа во странство уплатуваат придонес за вработување според основицата и стапката што ги утврдува РСИЗ за вработување.

Член 4

За начинот на пресметувањето и наплатувањето на придонесот за вработување се применуваат соодветните одредби од Законот за даноци на граѓаните.

Облогот и наплатата на придонесот за вработување за работодавачите и за работниците вработени кај работодавачите го врши надлежниот орган за приходи на Собранието на општината.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 08-850/1
26 декември 1988 година
Кичево

Претседател,
**Симјан Папазоски,** с р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ — РАДОВИШ

**26.**

Врз основа на член 76 од Законот за вработувањето („Службен весник на СРМ“ бр. 32/87), Собранието на Заедницата за вработување — Радовиш, на седницата одржана на 26 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување се пресметува и се плаќа·

— за работниците во основната организација и за работниците вработени кај работодавецот — личниот доход на работниците, во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход) по стапка од 0,70%;

— за работодавецот — основицата според која плаќа данок од личен доход по стапка од 0,70%;

— за работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ придонесот за вработување изнесува 15% од годишниот износ на данокот.

Член 2

Одлуката ќе се применува во 1989 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 јануари 1989 година.

Бр. 02-693/7-5
26 декември 1988 година
Радовиш

Претседател,
**Благица Чабукова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — СВЕТИ НИКОЛЕ

**27.**

Врз основа на член 162 точка 6 од Статутот на Општинската заедница за здравствена заштита — Свети Николе, Собранието на Заедницата на заедничка седница на Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на делегатите на услуги, на одржаната седница на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД КАТАСТАРСКИОТ ДОХОД И ПАУШАЛНИОТ ИЗНОС НА ДОМАЌИНСТВОТО НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ — ЗЕМЈОДЕЛЦИ

Член 1

Важноста на Одлуката за утврдување стапката на придонес од катастарскиот доход аз здравствена заштита на земјоделците и паушалниот износ на домаќинствата без сопствена земја број 0201-2/55 (објавена во „Службен весник на СРМ“ бр. 10/82), се продолжува и за 1989 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Одлуката ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0201-13/34
27 декември 1988 година
Свети Николе

Претседател,
**Стево Митевски,** с. р.

**28.**

Врз основа на член 100 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ бр. 10/83) и член 162 точка 6 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Свети Николе, Собранието на Општинската СИЗ за здравствена заштита — Свети Николе на седницата одржана на 27 декември 1988 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕС ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА КОРИСНИЦИТЕ ОД ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствена заштита на работниците се утврдува во висина од 8,10% од бруто личниот доход и другите примања.

Стапката на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита 3,70% и

стапката на придонесот над задолжителните видови 4,40%.

Придонесот за здравствена заштита во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се утврдува во висина од 0,40%.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став претставува

— кај обврзниците кои формираат доход, остварениот доход,

— кај обврзниците кои не формираат доход, бруто личните доходи и другите примања.

За лицата кои работат по договор за дело ќе се плаќа придонес за здравствена заштита за случај несреќа на работа по стапка од 0,5% на исплатениот надомест.

Член 2

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство на работници испратени на работа во странство од основните организации на здружен труд (деташирани работници) се определува, по стапка од 20% од утврдената основица, што ја претставува месечниот просечен личен доход по работни организации испратени во годината што и претходи во која е испратен работникот во странство, односно просечниот месечен нето личен доход во матичната организација остварен во претходната година и на сите работници од категоријата што ја има деташираниот работник за работниците кои не оствариле личен доход во претходната година

Основата од претходниот став ќе се исплатува во текот на годината како аконтација. По завршната сметка утврдените основици се пресметуваат и уплатуваат зголемени со просекот на зголемениот личен доход во матичната организација според претходната година.

Член 3

За корисниците за кои се утврдува само чист личен доход како и за корисниците на пензии придонесот за здравствена заштита се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка за чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општинските стапки и на придонесите од личниот доход.

Член 4

Придонесите ги пресметуваат и плаќаат обврзниците на начин утврден со закон, статут, оваа одлука и други општи акти на Заедницата.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се применува од 1 јануари 1989 година и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0201-13/27
27 декември 1988 година
Свети Николе

Претседател,
**Стево Митевски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ — СВЕТИ НИКОЛЕ

**29.**

